**ПЛАТФОРМА**
на граѓански организации
за борба против корупцијата

**До:** Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Предмет:** Барање за поднесување на оставка на членовите на Судски Совет

Почитувани членови на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата бара од сите членови на Судскиот совет да поднесат оставки.**

Веќе втора недела јавноста сведочи како Судскиот совет континуирано отстапува од Законот за Судскиот совет и од стандардите за транспарентно и отчетно работење на оваа институција. На 26 април 2023 година, Судскиот совет спротивно на Деловникот за работа вметна точка во веќе изгласаниот дневен ред, по што одлучуваше за разрешување на претседателот на Судскиот совет без да ги почитува правилата предвидени во Законот кои се однесуваат на потребното мнозинство за избор, како и на одредбите кои ја уредуваат дисциплинската постапка во рамки на која единствено може да се утврди несоодветно постапување на член на Советот, вклучително и претседателот.

На 4 мај 2023 година, Судскиот совет соопшти дека е закажана седница само 15 минути пред нејзиниот почеток, а истиот ден извести дека во меѓувреме се оствариле две седници со исклучена јавност, што е направено надвор од законските основи за исклучување на јавноста, како и без следење на процедурите за исклучување и без образложение за причините за истото. На јавната седница не беа усвоени записници од претходните седници, ниту беше реферирано што се случувало на седниците на кои јавноста беше незаконски оневозможена да присуствува, туку Советот продолжи со избор на нов претседател како јавноста веќе да е запознаена со сè што се случувало претходно на нејавните седници. На овие нејавни седници, според соопштенијата објавени на веб страната дури откако беше завршена јавната седница од 4 мај, била повлечена одлуката за разрешување на претседателот, иако Законот не предвидува можност за повлекување на донесени одлуки на Советот, но исто така е направено повторно разрешување, повторно надвор од каква било законски предвидена процедура.

На 9 мај Судскиот совет одлучи да ги отстрани камерите од просторијата каде се одржува седницата, што е прв пат во работата на Советот да се отстранат камерите на новинарските екипи, а исто така е сторено во многу специфичен момент, односно откако се случија сите претходни отстапувања од Законот и Деловникот за работа. Ова за жал е дополнително намалување на транспарентноста на Советот, а воедно говори во насока на тоа дека членовите на Советот ја гледаат транспарентноста и

јавноста на нивното работење како главна причина за состојбите, а не нивното сопствено незаконско постапување.

Платформата со жалење констатира дека Советот продолжува да ги темели своите одлуки врз незаконско постапување, со што ја урнисува веќе лошата репутација на правосудството во јавноста. Имајќи предвид дека неправото не може да стане право, Судскиот совет ја изгуби легитимноста да биде тело кое ќе ја штити судската независност, ќе ја унапреди репутацијата на судскиот систем во јавноста и ќе гарантира отчетност и квалитет во работата на судиите. Затоа, бараме од актуелните членови да поднесат оставки и да овозможат формирање на друг состав на Советот, како единствен кредибилен начин за надминување на состојбите предизвикани од незаконско постапување на Советот.

Скопје, 10 мај 2023 година

**Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата**